Врз основа на член 21, од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16, 64/18 и 168/18 ), **во првиот квартал од 2020година, Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното :**

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на градското и руралното подрачје во Општина Ѓорче Петров, дека се распишува:

## Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16, 64/18 и 168/18), во првиот квартал од 2020 година. Во период од 03.02.2020 до 09.03.2020година. Сите заинтересирани физички и правни лица треба да достават иницијативи за изработка на Урбанистички планови од член 7 став (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.

**Предмет на иницијативите** може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план, со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.

**Јавниот повик ќе трае 03.02.2020 до 09.03.2020 година.**

**Јавниот повик ќе биде објавен** на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk, на огласна табла во општината и секторот за урбанизам и во информацискиот систем е – урбанизам, објава во службено гласило на општината и со објава во дневно гласило „Нова Македонија“.

**Заинтересираните правни и физички лица, иницијативите да ги достават** во архивата на општината или архивата во секторот за урбанизам во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам, во определениот рок.

**За сите прифатени иницијативи** подносителите ќе бидат на време информирани во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам.

**Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во програмата за урбано планирање „Ф“ на општината за 2020 година.

**Средствата за прифатените иницијативи** за изготвување на потребната документација, треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите - правни или физички лица.

**Број 03-321/1**
**од 30.01.2020 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Александар Наумоски**